**Елена Максимова**[1]

# ЖЕНИ ШТО УБИВААТ (ИЛИ ПОВРЕДУВААТ) ОД ПОЗИЦИЈА НА ЖРТВИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

1.02 Прегледна научна статија
УДК 35.075.2:343.352
35.075.2:343.352(497.7)

**Апстракт**

*Од самото однесување на жртвата во дадена кривичноправна ситуација често зависи и исходот на самиот настан. Иако, нејзината активна или пасивна улога знае да биде и иницијатива за вршење на кривичното дело. За жената, многу често се вели дека е попретежно жртва на кривичните дела, одошто сторител. Затоа и посебен акцент треба да биде ставен врз жената во виктимизирана положба. Целокупната нејзина сензибилност условува и потреба од посебно разгледување на влијанието што врз неа го остава виктимизацијата, а и првично, положбата во која се наоѓа, самата по себе. Психичката состојба кај виктимизираната жена е во зона на висок ризик од нарушување што може да заврши кобно на еден или на друг начин, и жената од жртва да прерасне во сторител на кривични дела. Затоа и трудот е во насока на освестување за потребата од проширување на етиологијата на криминалитетот на жената во оваа насока и посветување посебно теоретско внимание на овој, не толку редок општествено-правен проблем.*

***Клучни зборови:*** *жена, насилство, виктимизација, посттрауматско растројство, престапник*

## За виктимизацијата (вовед)

Учењата за статусот на жртвата на кривичното дело најдобро би биле искористени преку нивното канализирање во севкупната криминологија. Така, жртвата добива значење кога е во врска со контролата и настанувањето на престапот. Проширувањето на кругот на етиологијата на односот сторител – жртва ги надминува рамките на класичната криминологија и дава решавачки придонес кон прогнозата и превенцијата на криминалитетот. Фокусот во кој е ставена во последните години е премногу важен за разбирањето на криминалитетот, па враќањето на научниот мрак врз жртвата е апсолутно недозволив долгорочно.

Самиот израз *виктимизација* го означува процесот во кој едно лице станува жртва на одредено кривично дело и се јавува како пандан на процесот на *криминализација*, каде што едно лице станува сторител на кривично дело. Виктимизацијата дава одговори на прашањата *кој, каде, кога* и *од што* е оштетено едно лице, односно виктимизирано.

[1] Авторот е доктор на науки во областа на казненото право. Работи како доцент на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“.

*Виктимизираност* не е исто што и виктимизација. Виктимизацијата го претставува процесот на станување на жртва, а виктимизираноста е самата состојба во која се наоѓа таа (или динамика наспроти статика).

Виктимизацијата може да се јави како примарна и секундарна. Првата, *примарната*, или вистинската виктимизација настанува непосредно по стореното кривично дело. Последиците што директно се ефектуираат врз жртвата со самото вршење и довршување на кривичното дело, веднаш потоа, ја создаваат подлогата на виктимизираноста на жртвата. *Секундарната виктимизација* настанува како потсилување на примарната виктимизација или повторно преживување на последиците од примарната виктимизација. Најчесто се јавува како резултат на негативна социјална реакција на околината и на несоодветното дејствување на правосудниот систем, кој наместо да ги надомести штетите од примарната, создава клима за секундарна виктимизација.

Виктимизацијата, станувањето жртва во конкретно кривично дело, се создава од сплет на интерни и екстерни фактори и предиспозиции. Со оглед на тоа, и степенот на ризик од виктимизација е распространет нееднакво. Интерните и екстерните фактори не дејствуваат еднакво кај секого, притоа создавајќи помалку или повеќе простор за виктимизација воопшто. Сепак, никој не е имун на виктимизација. Интензитетот на влијание на факторите е она што некого го прави поранлив, а некого поотпорен. Но, жртвениот ризик секого го покрива еднакво.

Од самото однесување на жртвата во даден момент често зависи и исходот на кривичноправниот настан. Иако, нејзината активна или пасивна улога знае да биде и иницирачка за вршење на кривичното дело. Во даден момент, таа може, поради отсуство на свест и знаење, ниту да сети, ниту да знае дека е виктимизирана, или во даден момент може да пројави дејство што значи согласување со туѓото загрозување, може да преземе одредена активност со која го провоцира сторителот, може да дејствува проактивно и да даде отпор и да се брани од нападот, а со тоа може да навлезе во зоната на пречекорување на границите на нужната одбрана и сл. Битен е и претходниот однос што го имале жртвата и сторителот и битно е дали воопшто претходно се познавале. Мигот, афектот... сето ова условува создавање различни типови жртви согласно степенот на виктимизираност и како се дошло дотаму.

Иако виктимизацијата и реакцијата од нејзиното преживување во голема мера зависат од самото кривично дело и предиспозициите на лицето, сепак истражувањата покажуваат дека најдоминантна реакција е психичката исцрпеност. Најтешките случаи во психологијата се етикетираат како „посттрауматско растројство“, односно клиничка состојба кај лицето проследена со депресии, губење контрола, чувство на вина, неспокојно спиење и опсесивно размислување за кривичниот настан. Особено кога жртвата била инволвирана во сексуално кривично дело или физички напад, каде што последиците на емотивно растројство се долготрајни. Дури и со соодветна терапија, депресијата и соматските растројства не исчезнуваат целосно. Тоа значи дека за жртвите, од круцијална важност за животот понатаму е претрпениот страв од стореното кривично дело и нивната реакција, реакцијата на нивниот организам што ќе ја има кон тој страв. „Нивниот свет се завртел наопаку, и тие мора да се борат со него најдобро што можат.“[2] Согласно тоа,

[2] Hill, K., J., Victimization, resilience and meaning-making: moving forward in strength, Victimes of crime, Research digest, Issue no.2, Department of Justice, Canada;

степенот на резилиентност[3] кон виктимизацијата е значително влијателен и за исходот на кривичната постапка, и многу побитно, за натамошниот животен тек на жртвата.

**Жената како жртва**

Посебен акцент треба да биде ставен врз жената во виктимизирана положба. Целокупната нејзина сензибилност условува и потреба од посебно разгледување на влијанието што врз неа го остава виктимизацијата, а и првично, положбата во која се наоѓа, самата по себе. Сосема е различно дали станува збор за жена како жртва или, пак, за маж. На првичните учења за виктимологијата им се префрла дека и тие, како и криминологијата во глобала, се маскулинистички насочени. Врз основа на виктимологијата, ваквата слепост за разновидноста на половите се смета дека придонесува за постојано префрлување на вината врз жртвата или нејзино сметање за провокатор на кривичното дело, кога станува збор за жена жртва[4].

Виктимизацијата, како значаен јавно-здравствен проблем за жените, може многу лесно да направи криминалец од малтретираната жена. Сам по себе, здравствениот проблем што го отвора виктимизацијата подразбира здравствени повреди и ментални здравствени попречености, а неретко и злоупотреба на супстанции.

За жената многу често се вели дека е попретежно жртва на кривичните дела, одошто сторител. Светските статистики го потврдуваат тоа. Најчесто, жената е жртва на насилство, сексуални злоупотреби, злоупотреби од интимен партнер во сите појавни форми и прогонувања. Најголем фактор на ризик за жената да стане жртва на сексуално насилство се годините. Имено, групата жени од 16 до 20, а во понови студии проширена и до 24 години, се најризични за сексуална виктимизација од страна на маж што претходно добро го познаваат, а сосема ретко странец[5]. Се смета дека сѐ уште предоминантната надмоќ на мажот над жената е услов за најчестата виктимизација[6].

Како најчести кривични дела каде што жената може да се јави како жртва се оние поврзани со насилството во сите негови форми, покрај физичкото и психичкото, најзастапено е сексуалното. Тука жената речиси секогаш е изложена на повеќекратна виктимизација што резултира со константен страв, рестрикции во приватниот живот и животниот стил, како и тешкотии при секојдневните активности и вклучување во нив. Ефектите кај ваквите жртви се особено широки, долготрајни и може да се чувствуваат долги години по самиот настан и постојано повторно да се предизвикуваат, поттикнати од други

---

[3] Резилиентниот состав на личноста се состои од повеќе клучни фактори, како што се: степенот на контрола врз сопствениот живот, издржливоста на стрес, постоењето емпатија кај лицето, способноста за комуникација и останати меѓучовечки способност, постоењето вештини за донесување вистински одлуки и за решавање проблеми, поставувањето реални цели и очекувања, учење – како од успехот, така и од неуспехот, постапувањето како корисен член од општествената заедница, живеењето одговорен живот, заснововањето врз сериозни вредности, помагањето на другите да се чувствуваат добро и чувствата на посебност што тоа нешто ги буди кај лицето и слично.

[4] Wolhunter, L., Olley, N., Denham, D., Victimology, Victimization and Victims' Rights, Routledge – Cavendish, Taylor & Francis Group, 2008, pg. 24.

[5] Wolhunter, L., Olley, N., Denham, D., Victimology, Victimization and Victims' Rights, Routledge – Cavendish, Taylor & Francis Group, 2008, pg. 52.

[6] Franklin., C., A., Flanklin, T., W., Nobles, M., Kercher, G., Risk Factors Associated with Women's Victimization, Crime Victims' Institute, Criminal Justice Center, Sam Houston State University, 2011, pg. 3 (http://www.crimevictimsinstitute.org/documents/Risk%20Factors%20Final%20Print.pdf).

трауматски искуства[7]. Жените се најчесто сексуално малтретирани од нивен познајник. Во сосема мал број случаи, силувањето е вршено од случаен минувач или тотален странец. Најчесто тоа се партнер, поранешен партнер, пријател, роднина и сл. Последиците, покрај погоре споменатите, од менталните до физичките, се насочени и кон создавање психички бариери кај жената за социјална адаптација, во домот, работната средина, потоа во однос на идната сексуална активност и сопствена девалвација и непочитување. Истражувањата покажале дека последиците во голема мера зависат и од динамиката на претходната сексуална активност на жената, пред виктимизацијата. Имено, оние што биле инволвирани во активен сексуален живот многу послабо биле погодени од последиците и самата виктимизација не им влијаела толку деструктивно, па побрзо закрепнувале (Wolhunter, Olley, Denham, 2008, стр. 53). Сепак, и овде, интерните фактори, нивото на верба во себе и погледите кон ситуацијата и светот, или ги засилуваат споменатите последици од виктимизацијата или дејствуваат во заштитна насока. Затоа, при случај на сексуален напад најзначајни се регулирањето на чувствата за лична сигурност, интимност и доверба во другите. Посебно затоа што и сексуалното насилство и другите форми се случуваат најмногу во рамките на домот, каде што жената би требало да се чувствува најсигурна и од лицето со кое треба да биде најбезбедна.

Кога станува збор за семејното насилство и кога насилството во рамките на домот, од кој било вид, се случува еднаш или континуирано, жената го препознава ескалирачкиот гнев кај мажот (како најчест сторител) и таа станува психолошки активна иницирано од стравот, кој, пак, го активира автоматскиот нервен систем за производство на невротрансмитери и хормони што произведуваат хиперарула (како и во други трауматски околности). Потоа жената прави процена на заканата и одлучува дали да се справи со проблемот или да бега, се мисли на физичко или психичко бегство. Жените што континуирано се злоупотребувани и каде што семејното насилство се задржува долг период учат да развиваат добри стратегии за справување со тоа, како компромис на неупотребените вештини за бегство, што инаку, инстинктивно, би биле употребени во трауматизирачка состојба и жртвата би сторила сѐ за сопствено оттргнување од опасноста. Затоа, типичен страв или трауматски одговор на повредуваната жена ја наведува таа да стане хиперарусална, а потоа ја наведува кон психолошко бегство преку разновидни воспоставени методи и практики, како минимизирање или негирање на опасноста од тој конкретен инцидент, односно развивање депресија, дисоцијација, па дури и репресија и заборавање. Што значи дека психолошкото бегство кај виктимизираната жена при семејното насилство може да вклучи минимизирање или негирање на опасноста со намалување на стравот, репресијата, депресијата, дисоцијацијата или комбинација на овие автоматски психолошки процеси. Ова се избегнувачки одговори што ја штитат жената од доживување целосно разнесувачки и максимално деструктивни трауматски одговори. Трауматските одговори се посредувани од автономниот нервен систем. Во ситуација на повторување на траумата, при што жртвата не верува дека може да избега, се создава модел што овозможува справување со ситуацијата со вклучување минимум емотивна болка. Недостигот на верба во способноста за бегство е дел од состојбата на „научена беспомошност“.[8] При ваква состојба и изостанување на ефектите од реагирање на жртвата

---

[7] Wolhunter, L., Olley, N., Denham, D., Victimology, Victimization and Victims’ Rights, Routledge – Cavendish, Taylor & Francis Group, New Yourk 2009, pg. 51.

[8] Duros, R, Ardern, H., McMillan, C., Tome, A., What is the battered woman syndrome?, The Battered Woman Syndrome, Third edotion, Springer publishing company, New York, 2009, pg. 43,4.

при насилство, кај неа се создава депресија и страв, состојба на немоќ и убедување дека не може да воспостави контрола над сопствениот живот. Во моментот на виктимизацијата, жртвата нема ниту сила, а често ниту желба за напуштање на врската.[9]

Сите овие ризици може лесно да се јават и од другата страна на виктимизацијата. Колку што може да имаат свој удел во нејзиното создавање и во зголемувањето на ризикот за нејзината појава, може да придонесат и за градењето заштита од неа, за реконструкцијата на животниот пат од деструктивните последици што ги оставила зад себе виктимизацијата[10].

**Жени што убиваат (или повредуваат) во рамките на семејството при самоодбрана**

Виктимизацијата што ја трпи жената постапно ја поткопува и нејзината психофизичка сталоженост. Виктимизацијата предизвикана од страна на блиско лице прави жртвата да се однесува сомничаво и да биде исполнета со недоверба кон сите други лица, и тоа долгорочно. Почетната надеж дека некој би можел да ѝ помогне полека ја губи со текот на насилството што го трпи, па доаѓа во состојба на цврсто неверување дека некој би можел да се грижи за неа и би можел да ја избави од ситуацијата во која се наоѓа. Ова е една типична слика на жена што била малтретирана подолг временски период, без оглед за каков тип насилство станува збор и од кој член на семејството доаѓа. Исто, и кога станува збор за насилство што од страна на член на семејството е насочено кон нејзините деца. Иако, можеби, жената во овој случај не е директна жртва, сепак сведоштвото за насилство упатено врз нејзиното дете или деца може само да ја заостри агресивноста кај жената и да ја продлаби психичката раздразнетост, дури и многу повеќе отколку директно да ги трпи повредите. Во двата случаи, жената си создава верување дека само таа може да си помогне за разрешување на безизлезноста. Кога, пак, станува збор за физички напад, ваквото чувство е засилено и секое следно насилство тие го доживуваат како последно, стравувајќи за сопствениот живот.

Теоретски гледано, самоодбраната по која посегнува жената и не мора да биде резултат на акумулиран гнев од претрпено насилство. Тоа може да се случи во афект, во одредена ситуација, користејќи определени пригоди. Оружје што во одредена ситуација се наоѓа на местото каде што се случува нападот или оружје што со себе го носи самиот напаѓач, како што може да биде нож или пиштол[11]. Иако голем е бројот на вршење убиства или, барем, обид за убиства, тогаш кога жената првично, во ситуацијата, се нашла од другата страна на оружјето, сепак не е непознато и постоењето константно чувство на загрозеност и психичко измачување со самото присуство на пиштол или друго огнено оружје во домот.

Третата група жени, кои често претходно размислувале на самоубиство, во последен момент пред посегнувањето по сопствениот живот го свртуваат гневот кон нивниот измачувач. Повеќето жени што ги убиваат своите повредувачи, сосема бледо се сеќаваат на какви било когнитивни процеси, различни од интензивниот фокус на сопствениот опстанок.

[9] Wolhuter, L,. Excuse them though they do know what they do – the distinction between justification and excuse in the context of battered women who kill, *South African Journal of Criminal Justice*, 9, 1996, pg. 151–66.
[10] Logan, TK., Walker, R., Jordan, C., Leukefeld, C., Woman and Victimization, Contributing Factors, Interventions and Implications, American Psychological Association, Washington, DC, 2006, pg. 131.
[11] Walker, L., Women Who Kill in Self-Defense, The Battered Woman Syndrome, Third edition, Springer publishing company, New York, 2009, pg 135.

Иако, ретроспективно, може да се насети каде доаѓа до точка на неповратност нејзината (само)одбрана против претходното негирање на нејзиниот гнев за виктимизацијата, сепак тие во моментот нема трезвена свест за таквите потиснати чувства. Се смета дека тие ги раздвојуваат ваквите чувства на гнев за виктимизирачката состојба од нивната секојдневна будност и волја со т.н. психолошки процес на дисоцијативна состојба и на тој начин не ги перципираат[12]. Ваквиот очаен обид да останат несвесни за своите чувства се смета дека е индикатор за тоа колку загрозувачко по нивниот живот ја сфаќаат состојбата во која се нашле. Жртвите мислат дека ако покажат гнев, тоа би им било пресудно, што и навистина би можело да биде, особено затоа што насилникот често се иритира дополнително доколку жртвата го покаже сопствениот гнев и не го толерира. Потребата од посегнување по сопствениот живот при состојба на виктимизација е честа појава. Многу жртви сметаат дека тоа е единствениот начин на кој тие би си ја вратиле контролата над сопствениот живот. Тука темната бројка е огромна, затоа што по самоубиството не остануваат никакви други индиции за претходна виктимизација.

Други начини на кои жената се справува со улогата на жртва на семејно насилство е нејзиното „психолошко“ бегство, полудување, злоупотреба на лекови на рецепт, алкохол и сл., па гневот го изразува и го покажува во безбедни, јавни ситуации, при што нагонот и ризикот од самоубиство или пројавување агресија и убиство на нејзиниот насилник непосредно го намалува и го одложува, барем за одреден период. Некои жени жртви успеваат да го задржат разумот и покрај тоа што над нив е вршено насилство, па освен контролата што насилникот ја има над нивното тело (кај физичкото насилство), не им се покоруваат и умствено. Дури и убиството што би го сториле над насилникот може да се окарактеризира како нивен очајнички обид да не му се покорат целосно, и со мислите и со телото. Но, кај полабилните жени, насилникот често знае да завладее со нивниот ум, па и да не врши физичко насилство, психолошки може да влијае за жената да му стане покорна.

Состојбата во која жената го убива својот насилник се смета како состојба на очај. Таа не би посегнала по неговиот живот доколку тоа не го смета за последна опција. Таа нема волја да го убие, туку само сака да стори нешто со што повредувањето ќе престане засекогаш. Предвидувањето на ризикот од смртноста и вршењето убиство над насилникот од страна на жената жртва може да се направи доколку претходно се процени нејзиното ниво на умешност за справување со ситуацијата. Ако таа се чувствува преплашена, совладана, лута или заробена, и смета дека ѝ претстои високо ниво на загрозување со оглед на однесувањето на напаѓачот, тогаш, во дадена ситуација, нејзината реакција на самоодбрана би завршила со смртни последици.

Истражувања покажале дека жената може да го повреди насилникот или да го убие тогаш кога тој постојано се заканува дека ќе ја убие неа, некое блиско лице нејзино или, пак, дека ќе си изврши самоубиство. Разликата што придонела еден случај од многуте да заврши фатално се пронаоѓа во тоа што за таа конкретна закана, жртвата навистина верувала дека овој пат ќе биде реализирана. Покрај закани за убиство, жртвите често доживуваат и закани од типот „ако јас те немам, никој нема да те има“, „ќе те најдам каде и да одиш и колку далеку и да се криеш“, или „ти сè уште ме немаш видено навистина лут/-а“. Заканите може да бидат проследени и со лесни повредувања на жртвата, како што се кратки удари, лесни исеченици и сл., колку за зацврстување на изјавата, за жртвата да ја сфати заканата сериозно. Па така, жртвата почнува да се изолира и да станува асоцијална, сметајќи дека на тој начин би ја намалила опасноста од потешки последици. Доколку ги исклучи контактите

[12] Ibid.

со другите, жената жртва смета дека на тој начин би се поштедила и себеси од будното око на туѓата љубопитност, но и би спречила да ги доведе другите во опасност. И покрај состојбата на виктимизација, нејзиниот мајчински нагон проработува со цел заштита на другите лица што нејзе ѝ се блиски, а особено, пак, доколку станува збор за потенцијално загрозување на нејзините деца.

**„Синдром на скршена/повредувана жена“ („bettered woman syndrome – BWS“)**

Истражувањата алармираат за појавата на „синдромот на скршена/повредувана жена“ или „bettered woman syndrome – BWS“. Тој се јавува како нуспојава од семејното насилство. Вокер (Walker) го популаризира овој синдром, сметајќи дека тој се развива кај жената, која е виктимизирана долги години во рамките на семејството, која навлегла длабоко во цикличното насилство и ги поминала неколкукратно сите негови фази: период на апсорпција, период на експлозија и периодот на „меден месец“[13]. За првпат терминот е споменат во 1977 година од страна на Американскиот институт за ментално здравје при вршење истражување на жени што биле жртви на семејно насилство. Теоретската база што била поставена за овој синдром многу потсетувала на онаа на поставената ментална состојба за „посттрауматското нарушување“ или „post traumatic stress disorder“, кое, пак, како теоретски концепт, се јавува малку подоцна од првично поставениот синдром (во 1980 година). Но, оттогаш во психолошката литература, синдромот на повредувана жена се користи како поткатегорија на посттрауматските нарушувања предизвикани од стресот.[14]

Синдромот на скршена жена се препознава при виктимизацијата на жена од страна на интимен партнер, односно при нејзино физичко, психичко и/или сексуално малтретирање во интимната врска, како и на секој подоблик, кога се сака од страна на насилникот таа да се наведе, преку употребата на сила, контрола и моќ, да прави нешто или да постапува на некаков начин, притоа занемарувајќи ги нејзините права или чувства.

BWS се става во насока на објаснување и за оваа појава, кога жената убива во состојба на потенцијална самопомош. Иако убиствата во самоодбрана може да бидат и резултат на „акутна“ закана по животот, на која не ѝ претходат познавања со напаѓачот, ниту претходна нејзина виктимизација (како кај обидот за силување, уличното разбојништво, обидот за терористички напад и сл.), сепак овде, како сосредоточени на жената што претходно е измачувана, може да направиме едно објаснување на појавата и преку споменатиот „battered woman syndrome“. Имено, проучувачите на овој синдром, жената што убива од состојба на виктимизација ја доживуваат како лице во особено опасна позиција, бидејќи, од една страна, кај неа потфрлила превенцијата од семејно насилство,

---

[13] 1) период на апсорпција, градење на тензиите (tension buliding), кој може да трае со месеци или со години, а во кој напнатоста и нетрпеливоста што на почетокот се криела или се оправдувала и се занемарувала, постепено расте и создава разни непријатности. Во оваа фаза, жртвата се труди да ги отстрани сите ситуации и да ги скрие сите дела за кои знае дека може да предизвикаат иритација кај партнерот и да ја изгуби смиреноста; 2) периодот на експлозија или периодот на инциденти (acute battering incident), кои завршуваат со удирање, во кој доаѓа до еруптирање на бесот кај партнерите, а кој финишира со телесни повреди и 3) периодот на „меден месец“ (loving contrition) во кој доаѓа до ненадејна смиреност и барање прошка, изразена со длабоко каење на насилникот и ветувања дека инцидентот нема да се повтори, проследено со очајничка потреба кај жртвата да верува во ваквото лице на насилникот како негово вистинско. И потоа повторно се во круг (Walker, L., The Battered Woman Syndrome, Third edotion, Springer publishing company, New York, 2009, pg.91).

[14] Walker, L., The Battered Woman Syndrome, Third edotion, Springer publishing company, New York, 2009, pg. 41,42.

како и примената на позитивните закони, со што изгубила верба во постојниот систем, а, од друга страна, се наоѓа во положба на правна обврска за искористување на одбраната за убиството, што првично се препишува на машките искуства[15].

## BWS и казнувањето во домашни услови

Вршењето кривични дела со умисла, во домашната литература, го условуваме со постоењето на интелектуалната и волјевата компонента, односно свеста за делото и постапките и желбата за него и последиците. Па, како основа за исклучување на противправноста, во оваа насока, ја земаме нужната одбрана[16], односно одбивањето од себе или друг истовремен противправен напад. Притоа, доколку дојде до пречекорување на границата или ако пречекорувањето настане како резултат на силна раздразнетост или уплав иницирал од нападот, лицето во првиот случај ќе се казни поблаго, а во вториот ќе се ослободи од казна. Овој општ институт пресликан на сцената на посебниот дел во кој повредената жена посегнала по животот на нејзиниот напаѓач би значел, во наши рамки, можност за исклучување на противправноста, ублажување на казната или ослободување од неа.Сепак, институтот „убиство на миг", како инкриминација под која би можела да се подведе делото доколку ги исполнува суштествените услови, нѐ упатува на тоа дека доколку повредуваната жена (во рамките на семејството) го убие својот напаѓач, се казнува како за привилегиран вид на основниот облик на убиство. Практиката бара да претходи состојба на силна раздразнетост кај жртвата што ќе изврши убиство.

Па така, за наши услови и согласно словото на нашиот Кривичен законик, може да заклучиме дека ако жена што претходно била виктимизирана во рамките на семејството го убие својот „измачувач", би можела:

- да остане неказнета како резултат на исклучување на противправноста во согласност со институтот нужна одбрана (што е потешко веројатно, бидејќи тешко кога умислата на напаѓачот е да убие, повеќе е насочено кон измачување, па се губи елементот на пропорционалност во нападите. Имено, нападот мора да е противправен, истовремен, вистински и истоветен. Истоветноста, односно пропорционалноста не смее да се проценува само од гледна точка на крајната последица, нападот мора да биде проценет од аспект и на средството со кое е преземан, правото добро кон кое е насочен и конкретните околности што го опкружуваат. Па, пропорционалноста меѓу нападот и одбраната би постоела само дотогаш до кога што актите на одбраната може да се третираат како нужни за одбивање на нападот[17], што во случаи на долгогодишна виктимизација лесно може да се поматат, а и самата одбрана, поради акумулиран бес, да превагне над нападот и кога тој во даден момент е поблаг од претходно. Но, доколку жената го убие напаѓачот во дадена ситуација, кој имал намера да ја убие, а нападот бил вистински и противправен и силата што жената ја применила е истовремена и пропорционална на нападот, со намера да го одбие нападот од себе, без претходна умисла за негово убивање, тогаш за ваквото убиство што го прави жената би можела да се исклучи противправноста и таа да не се казни);

[15] Morrissey, B., When woman kill, Questions of agency and subjectivity, Routledge Taylor&Francis Group, London and New Yourk, 2003, pg. 71.
[16] Член 9, КЗ на РМ.
[17] Маријановиќ, Ѓ., Македонско кривично право, Општ дел, Просветно дело АД, Скопје, 2003, стр. 135-144.

- би се казнила поблаго отколку што е предвидено за основното дело убиство, како резултат на состојбата на силна раздразнетост и подведување на делото под инкриминација за привилегираниот тип убиство – убиство на миг, ако таа состојба на раздразнетост биде докажана или ако семејното насилство биде докажано, или би се ослободила од казна поради состојба на силна раздразнетост или уплав предизвикан со нападот, согласно предвиденото во членот за ексцесот на нужната одбрана, а применето во дадената ситуација за убиството на миг. (Овде, на прв поглед, наидуваме на една законска контрадикторност, кога словото би се имплицирало врз жена што го убива својот долгогодишен агресор. Имено, ако го погледнеме ексцесот на нужната одбрана што би се применил во дадена ситуација, би ја прогласиле за виновна за убиство, но тоа би било и факултативна основа за ослободување од казна. Од овој аспект, посебната психичка состојба во која се наоѓа жртвата, афектот и стравот со силен интензитет, нуди можност за ослободување од казна доколку вештачењето го потврди тоа. Привилегирачкото дејство на интензивниот ексцес во случајов, односно во интензитетот на нападот, мора да биде докажано соодветно. Од друга страна, доколку го погледнеме изолирано приривилегираниот облик на убиство, жената жртва би се казнила поблаго одошто за основен облик на убиство согласно словото на законот. И овде, како и претходно, се бара постоење состојба на силна раздразнетост од нападот или тешкото навредување во рамките на семејното насилство, а таа состојба мора да биде докажана. Но, и во овој случај имаме потреба од докажана *силна* раздразнетост, односно повисок степен на афектна состојба што би довела до поголемо влијание врз способноста на сторителот за трезвено размислување. И на прв поглед постои проблем за апсолвирање на тоа – кога би го примениле институтот ексцес на нужна одбрана во насока на ослободување од казна, ако постои утврдена состојба на силна раздразнетост предизвикана од нападот, а кога не би го примениле и би се казнила единствено во рамките на убиство на миг? Сепак, постои разлика. Основната разлика е во барањето *истовременост* на нападот и одбраната кај нужната одбрана, додека, пак, кај убиството на миг, лишувањето од живот на напаѓачот може да следува и непосредно по нападот[18]. Другата разлика е во отсуството на барањето *истоветност, односно пропорционалност* на нападот и одбраната кај убиството на миг, кое е услов за примена на институтот нужна одбрана во даден момент. Но, доколку сите објективни и субјективни параметри на пречекорување на нужната одбрана и убиството на миг се поклопуваат, тогаш во практиката, делото би се квалификувало како убиство на миг, а ќе се применат и одредбите за пречекорување на нужната одбрана)[19];
- би се казнила поблаго поради пречекорување на границите на нужната одбрана и примена на овој институт врз основниот облик за убиство (почест животен случај, и многу поверојатно при долгогодишна виктимизација и постоење синдром на повредувана жена. Во одредени животни случаи, како што е семејното насилство, дури и при непостоење силна раздразнетост и уплав, кај првобитната жртва постои тешкотија при одмерување на секое телесно движење. Затоа, во моменти на „подзаборавање“ при одбивање на нападот и навлегување во ексцес на нужната одбрана, тоа би можело да се третира поблаго одошто вообичаеното сторување на

[18] Види: Камбовски, В., „Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија“, второ изменето издание, Клуб Матица, Скопје 2015 година, стр. 692.
[19] Ibid.

кривичното дело. Одбраната е секогаш квалитативно и квантитативно зависна од нападот, што значи мерата на одбраната е секогаш определена со мерата на нападот); или,

- би се казнила согласно основниот облик на кривичното дело (со земање предвид на олеснувачките околности при одмерувањето на казната, доколку не постои простор за примена на некој од институтите од општиот дел).

Истражување направено во КПД Идризово, женско одделение, на почетокот на 2018 година, даде резултати за поинаква практика во Република Македонија. Меѓу прашањата поставени во анкетен прашалник на сите затекнати затворенички во моментот, имаше и такви што требаше да дадат одговор на прашањето за постоење претходна виктимизација и нејзината поврзаност со она што го имаат сторено. Односно, дали жена што била жртва на некои од видовите насилство, делото поради кое се здобила со казна затвор го има сторено или во самоодбрана од ваков напад или поради кумулација на долгогодишна изнемоштеност донесена со виктимизацијата. 68,3 % од вкупните испитанички не биле, додека, пак, 29,3 % биле претходни жртви. Од жените што биле виктимизирани, најголемиот дел насилството го трпеле во брачната заедница. Одговорите дадоа податок дека најголемиот дел од нив ги пријавувале своите насилници и дека барале помош од подрачните единици на МВР, но не добиле никаква соодветна помош. Делата поради кои се осудени се тешка кражба, разбојништво или убиство. Четири од жените обвинети за убиство, од вкупно 6, кои во анкетите се имаат изјаснето дека сториле вакво кривично дело, изјавиле дека претходно биле виктимизирани и дека врз нив се вршело одредено насилство. По интервју спроведено со сите овие четири затворенички, кај две од нив јасно се гледа преовладување на синдромот на измачувана жена и претходно семејно насилство. Три од нив го имаат убиено својот агресор, од кои на две им бил во рамките на семејството – сопруг. Двете се судени по основниот облик на убиство, со што кај едната, утврденото постоење семејно насилство од страна на судот е земено само како олеснителна околност, при обвинение по член 123 од КЗ и пресуда по тој член, а не основа за промена на правна квалификација од „убиство“ во „убиство на миг“ или чл. 125 од КЗ. На ниту една не ѝ е доделен специјален третман како жртва на семејно насилство. Практиката кај нас речиси и да не го познава моментот за преквалификација и подведување на делото под соодветниот член, кој јасно го уважува моментот на семејното насилство.

**Заклучок**

Во светски рамки, не е ретка појавата на жена што би посегнала по свој или по туѓ живот со намера да ја заврши неподносливата состојба во која се наоѓа. И колку и актите да се афектни, провоцирани, моментални, ако станува збор за жена што во себе го има синдромот на „повредувана“, значи кај неа со години се акумулирал бес, страв и гнев поради состојбата во која се наоѓа. Неминовна е помислата за убиство или самоубиство низ сите години. Се разбира дека мисловната фаза не е стадиум на извршување кривично дело, но е предворје на кое треба особено да се обрне внимание, затоа што можеби само еден единствен потег од страна на напаѓачот може да ги забрза сите други стадиуми и да се изврши или да се доврши кривично дело. Па жената од жртва да прерасне во сторител на кривично дело. Уште една потврда дека психичката состојба кај жена подложна на семејно насилство е во зона на висок ризик од нарушување што може да заврши кобно на еден или

на друг начин. Работењето со жртвите и поттикнувањето навреме да се пријават како такви во достапните и расположливи организации (кои кај нас се премногу дефицитарни, особено на полето државни) е повеќе од клучно.

Освестувањето за потребата од проширување на етиологијата на криминалитетот на жената во оваа насока настанува со првите истражувања на оваа тема на светско ниво. Уште во 1958 година, Волфганг (Wolfgang) воочува дека мажите многу почесто од жените први посегнуваат по физичкото насилство, па така го провоцираат убиството од страна на партнерот. Мек Комик (McComick), во истражување што го извршил во 1976 година, утврдил дека од 132 жени што ги анализирал, а кои биле осудени на затворска казна поради убиство на сопругот, дури 40 % биле жртви на хронични физички злоупотреби во бракот и дека насилството што го трпеле им било клучно за да го извршат делото. Анализа на полициски извештаи од Канада, од овој период, укажувале на тоа дека речиси сите евидентирани убиства сторени од жените врз сопрузите го имале претходното виктимизирање како тригер. Истражување во 1977 година во затвор во Чикаго, исто така, дало податок дека 40 % од сите сторени убиства од страна на жени што ја одлежуваат затворската казна таму, во позадина кријат долгогодишно малтретирање од убиениот партнер. На нашите, балкански простори, прво истражување во оваа насока Константинович-Вилич во 1986 година на примерок од 134 жени осудени за убиство. Од нив, дури за 75,38 % случаи е евидентирано нарушување на односите во секундарното семејство, кое жената го создала, од алкохолизам на сопругот, отсуство од дома и учество во семејните обврски, занемарување на семејството, физичко насилство, љубомора и закани. За 32,83 % мотив за вршење на делото биле малтретирањето и физичкото малтретирање во заедницата, а како значајно се покажало и малтретирањето што жената го трпела од роднините по сватовство од страната на мажот. Истражување во 1992 година, спроведено од Николич-Ристанович и Мрвич, на репрезентативен примерок од 370 жени, покажало дека во 50 % од случаите на регистрирано убиство сторено врз партнерот, постоело претходно насилство што потекнувало од него. И ова истражување го потврдило, како споредeн мотив, насилството што жената на ова поднебје го трпи од роднините по сватовство за вршење на убиството[20].

Сите расположливи сознанија за насилството над жената укажуваат на потребата од енергично дејствување во правец на негово превенирање, како и на потребата од изнаоѓање соодветни правни и социјални механизми за заштита на жената, казнување и третман на насилникот. Земајќи го предвид влијанието што мажот во семејството го има врз вкупниот криминалитет на жената, ефикасната борба против ова влијание, односно виктимизацијата што ја прави, истовремено би значела и би била суштинска за превенирање на добар дел од криминалитетот што го врши жената.

**Консултирана литература:**

Арифи, Б., Посебен осврт кон жртвите на семејното насилство, Македонска ревија за казнено прво и криминологија, Здружение на кривично право и криминологија, год. 20, бр. 1, Скопје, 2013;

[20] Nikolić-Ristanović, V., Od žrtve do zatvorenice, Nasilje u porodici I kriminalitet žena, Viktimološko društvo Srbije, Institut za kriminološka I sociološka istraživanja, Beograd, 2000, str.21-22.

Арнаудовски, Љ., Криминолошки пристап кон деликтите на насилство, Македонска ревија за казнено право и криминологија, год. 20, бр. 1, Скопје, 2013;
Груевска-Дракулевски, А., Семејното насилство во Република Македонија, Македонска ревија за казнено право и криминологија, год. 20, бр. 1, Скопје, 2013;
Камбовски, В., Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија, второ изменето издание, Клуб Матица, Скопје 2015;
Каневчев, М., Виктимологија – учење за жртвата, УДК: 343.98;
Лажетиќ-Бужаровска, Г., Калајџиев, Г., Мисоски, Б., Илиќ- Димоски, Д., Казнено процесно право, Правен факултет „Јустинијан Први“, УКИМ Скопје, 2015;
Маријановиќ, Ѓ., Македонско кривично право, Општ дел, Просветно дело АД, Скопје, 2003;

Belknap.J, Larson, D.,L., Abrams, M.,L., Garcia, C., Anderson-Block, K., Types of intimate partner homicides commited by women: self-defense, proxy/retaliation, and sexual proprietariness, Homicide Studies, SAGE Publication, 2012;
Cooper, A. Smith, E.L., Homicide trends in United States, 1980-2008, Bureu of Statistics U.S Department of Justice, 2011;
Duros, R, Ardern, H., McMillan, C., Tome, A., What is the battered woman syndrome?, The Battered Woman Syndrome, Third edotion, Springer publishing company, New York, 2009;
Franklin., C., A., Flanklin, T., W., Nobles, M., Kercher, G., Risk Factors Associated with Women's Victimization, Crime Victims' Institute, Criminal Justice Center, Sam Houston State University, 2011;
Hill, K., J., Victimization, resilience and meaning-making: moving forward in strength, Victimes of crimeResearch digest, Issue no.2, Department of Justice, Canada;
Logan, TK., Walker, R., Jordan, C., Leukefeld, C., Woman and Victimization, Contributing Factors, Interventions and Implications, American Psychological Association, Washington, DC, 2006;
Morrissey, B., When woman kill, Questions of agency and subjectivity, Routledge Taylor&Francis Group, London and New Yourk, 2003;
Nikolić-Ristanović, V., Od žrtve do zatvorenice, Nasilje u porodici I kriminalitet žena, Viktimološko društvo Srbije, Institut za kriminološka I sociološka istraživanja, Beograd, 2000;
Walker, L., Women Who Kill in Self-Defense, The Battered Woman Syndrome, Third edition, Springer publishing company, New York, 2009;
Wolhunter, L., Olley, N., Denham, D., Victimology, Victimization and Victims' Rights, Routledge – Cavendish, Taylor & Francis Group, 2008;
Wolhunter, L,. Excuse them though they do know what they do – the distinction between justification and excuse in the context of battered women who kill, *South African Journal of Criminal Justice*, 9, 1996;

Закон за кривична постапка, „Службен весник на РМ“ бр. 15/10, 100/12
Кривичен законик на РМ „Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17.

http://www.crimevictimsinstitute.org/documents/Risk%20Factors%20Final%20Print.pdf

**Elena Maksimova**

# WOMEN WHO KILL (OR INJURE) FROM A POSITION OF VICTIMS OF DOMESTIC VIOLENCE

1.02 Review article
UDK 35.075.2:343.352
35.075.2:343.352(497.7)

## Summary

The outcome of one criminal event, often depends from the behavior of the victim in a given criminal situation. Furthermore, its active or passive role can also be an initiative to commit the crime. The woman is often said to be mostly a victim of criminal acts, rather than a perpetrator. Therefore, a special emphasis should be placed on the woman in a victimized position. Its overall sensibility also requires the need for a special consideration of the influence that is left from victimization, and, initially, the position in which she is located, at that given time. The psychic state of the victimized woman is in a zone of high risk of disturbance that can end in sin in one way or another, and the woman from the point of victim to become a perpetrator of crimes. Therefore, this labour is in the direction of awareness of the need to expand the etiology of the woman's criminality in this direction, and to pay particular attention to this, not so rare, social and legal issue.

***Key words***: *woman, violence, victimization, post-traumatic disorder, offender*